Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 42, став 5 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 34 седница одржана на 26.12.2014 година донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Одлуката за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација бр.02-180/1 од 12.02.2010 година**

1. Во Одлуката за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација на Македонска берза АД Скопје бр.02-180/1 од 12.02.2010 година (во понатамошниот текст: Одлука за критериумите за распоредување), точка 5 се менува и гласи „Утврдувањето на распоредите на хартиите од вредност по режим на тргување и распоредот на групи во аукциско тргување се врши четири пати во годината, на 1-ви Март, 1-ви Јуни, 1-ви Септември и 1-ви Декември, при што, при определување на критериумите од точка 2 од оваа Одлука се земаат предвид износите во претходните 3 месеци од датумите на утврдувањето.

2. Во Одлуката за критериумите за распоредување, во точка 10, периодот од „6 месеци" се заменува со период од „3 месеци".

3. Одлуката стапува во сила и се применува од денот на нејзиното донесување.

4. Да се изврши вонредно утврдување на распоредите на хартиите од вредност по режим на тргување и распоредот на групи во аукциско тргување согласно критериумите со состојба на 30-ти Декември 2014 година при што се земаат предвид износите во претходните 3 месеци од датумот на утврдувањето. Датумот на имплементација на распоредите на хартиите од вредност по режим на тргување и распоредот на групи во аукциско тргување е 15.01.2015 година.

5. Одлуката се доставува до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и за истата се известуваат членките на Берзата и јавноста.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Одлуката за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација се базира на историски податоци од тргувањето (во изминатото шестмесечие) врз основа на кои се утврдува кои хартии од вредност ќе се тргуваат во режим на континуирано тргување, а кои во режим на аукциско тргување. Имајќи ја предвид актуелната состојба на пазарот, во режим на континуирано тргување се тргуваат релативно мал број на хартии од вредност, и согласно пазарните трендови тој број не би се променил при следната редовна ревизија на распоредите на хартиите од вредност по режими на тргување.

Во рамките на состаноците на Берзата со сите членки беше актуелизирано барањето за измени во Одлуката за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација, со цел зголемување на бројот на хартии од вредност кои би се тргувале во режимот на континуирно тргување. Согласно извршените анализи на пазарната состојба, Одборот на директори одлучи да се зголеми бројот на редовни ревизии, од 2 пати на 4 пати во текот на годината (1-ви Март, 1-ви Јуни, 1-ви Септември и 1-ви Декември), согласно постоечките критериуми. При пресметката на критериумите ќе се земаат во предвид износите односно историските податоци од тргувањето помеѓу две ревизии.

Заради обезбедување на континуитет и остварување на планираната динамика за утврдување на распоредите на хартиите од вредност по режим на тргување, согласно точка 9 од Одлуката за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација од 12.02.2010 година ќе се изврши вонредна ревизија согласно критериумите со состојба на 30-ти Декември 2014 година при што се земаат предвид износите во претходните 3 месеци од датумот на утврдувањето.

Врз основа на горенаведеното, Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје одлучи како во диспозитивот.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Лидија Трајковиќ**